**ОБЕДИНЕТИ
НАЦИИ**

| | |
|---|---|
| Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: ИТ-04-82- Т<br>Датум: 17. јули 2007<br>Оригинал: англиски |

**ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II**

**Судии:** **Судија Кевин Паркер, Претседавач**
**Судија Кристине ван ден Вингаерт**
**Судија Кристер Телин**

**Секретар:** **г. Ханс Холтхуис**

**Датум на поднесување:** **17. јули 2007**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**ЉУБЕ БОШКОСКИ**
**ЈОХАН ТАРЧУЛОВСКИ**

***ЈАВНО***

**РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕУВАЊЕТО ОД СТРАНА НА ОБВИНИТЕЛСТВОТО НА ТРЕТ ЕКСПЕРТСКИ ИЗВЕШТАЈ ОД ДР. СИМОН АЈХНЕР СО АНЕКС А**

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон
г-ѓа. Јоане Мотоике
г. Матиас Нојнер
г-ѓа. Мерител Реги

**Бранители на Обвинетите:**

г-ѓа Едина Решидовиќ и г. Гуенел Метро за Љубе Бошкоски
г. Антонио Апостолски и г-ѓа Јасмина Живковиќ за Јохан Тарчуловски

1. Овој Судски совет на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународниот суд) е задолжен да решава по „Поднесувањето од страна на Обвинителството на трет експертски извештај од Др. Симон Ајхнер со Анекс А" поднесен на 7. мај 2007 (понатаму во текстот: Поднесок). Во овој Поднесок Обвинителството бара Судскиот совет да му одобри на Обвинителството да го изложи извештајот од Др. Симон Ајхнер (понатаму во текстот: Извештај) во согласност со правило 92*bis* од Правилникот за постапка и докази (понатаму во текстот: Правилник). Бранителот на Љубе Бошкоски (понатаму во текстот: Одбрана на Бошкоски) поднесе „Реакција на Поднесокот од Обвинителството со барање дозвола да го додаде третиот извештај од Др. Симон Ајхнер" (понатаму во текстот: Реакција) на 18. мај 2007. Одбраната на Јохан Тарчуловски (понатаму во текстот: Одбрана на Тарчуловски) не поднесе реакција.

**2.** Обвинителството тврди дека иако го поднеле ова барање откако судењето официјално започнало тие совесно ја извршиле својата должност и покажале добра причина во согласност со правило 127. Поконкретно, се тврди дека во текот на нивното тековно ревидирање во согласност со правило 68 и прегледувањето на Вториот експертски извештај од Др. Симон Ајхнер, Обвинителството дошло до заклучок дека би било пожелно и неопходно да се спроведе уште еден тест за да се утврди дали материјалот пронајден на телата ексхумирани во Љуботен, или во нивна близина, бил испален од огненото оружје што наводно било запленето од полицијата. Понатаму се вели дека на Одбраната и било дадено на знаење на 20. март 2007 дека Обвинителството има намера да го поднесе Извештајот. Обвинителството исто така тврди дека Извештајот е релевантен за наводите во параграф 68 од Обвинението, а особено за тоа дали им бил пружен отпор на полициските сили во Љуботен на 12. август 2001 и за наводите во параграф четири од Обвинението дека постоел здружен злосторнички потфат со кривична природа.

3. Во Реакцијата Одбраната на Бошкоски се противи на Поднесокот од две различни причини. Прво, се тврди дека Обвинителството не ја извршило својата должност совесно и не покажало добра причина за задоцнетото поднесување на извештајот според правило 127. Одбраната на Бошкоски понатаму тврди дека Извештајот не е релевантен за прашањето во врска со отпорот од страна на жителите на Љуботен, ниту пак за наводниот здружен злосторнички потфат со кривична природа, ниту пак за кој било друг факт или прашање што се од битна важност за тезата на Обвинителството.

4. Извештајот што Обвинителството сега бара дозвола да го изнесе ги содржи резултатите од тестовите што се спроведени на балистички материјал, куршуми или парчиња од куршуми, што биле пронајдени во облеката, во или блиску до телата на неколку наводни жртви на кривичните дела што се наведени во Обвинението. Тестовите се спроведени за да се утврди дали некои од куршумите биле испукани од некое од трите парчиња огнено оружје наводно запленети од македонската полиција на 12. август 2001 во Љуботен. На Обвинителството му беше наложено од страна на Претпретресниот судија да и ги обелодени на Одбраната сите експертски извештаи што има намера да ги изнесе пред судот најдоцна до 31. март 2006. Извештајот од Др. Симон Ајхнер и беше обелоденет на Одбраната по повеќе од една година од крајниот рок и по започнувањето на судењето. При утврдувањето дали имало неразумно одложување Судскиот совет забележува дека Обвинителството го немало добиено огненото оружје потребно за овие анализи се до февруари 2006. Огненото оружје било префрлено за првите балистички анализи дури во мај 2006. Резултатите од оваа анализа му биле доставени на Обвинителството на 15. јануари 2007 и тие и биле обелоденети на Одбраната на 30. јануари 2007. Овој Извештај беше порачан на 9. фрвруари 2007. Според мислењето на Судскиот совет немало неразумно одложување во однос на задоцнетото обелоденување на Извештајот. Во врска со тоа дали задоцнетото поднесување оди на штета на Обвинетите, Судскиот совет забележува дека авторот на Извештајот, Др. Симон Ајхнер, не е меѓу сведоците што Обвинителството има намера да ги повика во следните неколку недели. Одбраната ќе има доволно време да го разгледа неговиот Извештај и да се подготви за вкрстено испрашување.

5. Според правило 89(В) од Правилникот Судскиот совет може да прифати секакви релевантни докази за коишто смета дека имаат доказна вредност. Извештајот е составен од еден експерт од Баварскиот институт за криминологија. Тој дава докази за тоа дали куршумите најдени во облеката, во телата или блиску до телата на неколку од наводните жртви на кривичните дела за кои се товари во Обвинението биле испукани од огненото оружје што било запленето во Љуботен, па според тоа има определена релевантност, особено во врска со прашањето за воената неопходност. Постоењето на воена неопходност е релевантно како за наводната цел на здружениот злосторнички потфат со кривична природа така и за други фактички наводи во Обвинението. Според тоа, Извештајот е и релевантен и има доказна вредност. Неговата содржина е од таква природа што поради правичност Одбраната мора да има можност вкрстено да го испрашува Др. Ајхнер.

6. Поради горенаведените причини и врз основа на правило 89(В) од Правлникот, Судскиот совет

- **ГО ОДОБРУВА** барањето изнесено во Поднесокот и дозволува Обвинителството да го изнесе Извештајот.
- **НАЛОЖУВА** Др. Ајхнер да се појави за вкрстено испрашување.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 17. јули 2007,
Во Хаг
Холандија

(своерачен потпис на оригиналот)
**Кевин Паркер**
**Претседавач**

**[Печат на Меѓународниот суд]**